Врз основа на член 22 став 7 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр 202/24), Програмата за социјална заштита за 2026 година донесена од Советот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола” бр. 19/25 од 31.12.2025“), Општина Битола објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## за обезбедување услуги за рехабилитација и поддршка на лица со попреченост преку здруженија на граѓани

Предмет на овој јавен повик е прибирање понуди од **здруженија на граѓани (ЗГ)** за обезбедување на следните услуги:

- логопедски услуги
- психо-социјална поддршка
- рехабилитациони услуги
- едукативни семинари за родителство и грижа
- обуки за правата на децата и лицата со попреченост

Активностите се насочени кон подобрување на квалитетот на животот и социјалната вклученост на лицата со попреченост и нивните семејства.

Целта на јавниот повик е:

**Подобрување на општата социјална состојба на лицата со попреченост преку услуги обезбедени од здруженија на граѓани, во партнерство со Општина Битола.**

Проектите ќе бидат поддржани со средства од Буџетот на Општина Битола за 2026 година согласно Програмата за социјална заштита на Општина Битола за 2026 година.

Оценувањето на проектите ќе го врши Комисија за евалуација на апликации по јавни повици формирана од Градоначалник на Општина Битола врз основа на пропишаните критериуми.

**Услови и критериуми за аплицирање и бодување** (Максимум 100 бодови)

Основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите се:

– Да се регистрирани согласно Закон за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр.52/10, 135/11, 55/16 и 239/22),

– Да имаат седиште во Општина Битола и

Посебни проектни критериуми врз основа на кои ќе се врши проценка на квалитетот на проектите на здруженијата и фондациите се:

– Организациски капацитет (профил, капацитет, релевантно искуство од областа на вклучените лица и општествената одговорност). **30**.

– Опис на акција/проект/програма (цели, резултати, активности, временски период, пристап, опфатени лица). **30**.

– Ефекти во локалната средина (влијание врз целни групи, одржливост). 20.

– Буџет (активности кои се соодветно изразени во буџетот и оправданост на трошоците). 20. [1]

**Временската рамка** за спроведување на проектите ќе биде уредена со договор помеѓу Општина Битола и избраното здружение.

**Висината на финансиските средства** ќе се одредува согласно предлог проектот во рамките на планираните средства во Програмата за остварување на социјалната заштита за 2026 год. во вкупен износ од 150.000 ден.

**Право на учество**

Право на учество имаат здруженија на граѓани кои:

- се регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации
- имаат искуство во работа со лица со попреченост
- располагаат со стручен кадар (логопед, психолог, рехабилитатор и сл.)
- имаат седиште на територија на Општина Битола

**Индикатори за успешност**

Како индикатори за реализација ќе се следат:

- број на корисници опфатени со логопедски и рехабилитациони услуги
- број на реализирани психо-социјални сесии
- број на одржани семинари и обуки
- број на семејства кои добиле поддршка
- подобрена информираност за правата на лицата со попреченост

**Потребна документација за пријавување**

- Пополнет Образец за пријавување (достапен на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk). [2]

- Тековна состојба од Централен регистар на РСМ (може и копија) не постара од 6 (шест) месеци за апликантот/ носителот на проектот.

- Биографии/доказ за стручни лица вклучени во услугите

---

[1] За да биде квалификувана за финансиска поддршка, апликацијата мора да освои најмалку 50 бодови.

[2] Доколку предлог проектот е поднесен од коалиција или друг вид на партнерство на здруженија/ фондации, истото треба да биде наведено во апликацијата и потврдено со потпис на овластеното лице на секое од здруженијата/ фондациите и печат.

Документацијата се доставува во архива или по пошта на адреса:

Општина Битола, Сектор за економски развој, јавни дејности и ИТ; Булевар „1-ви Мај" бр.61; (со назнака – Пријава за јавен повик за Програма за рехабилитација на лица со попреченост, Едукативни семинари и обуки за семејства со член со попреченост) во рок од 10 работни дена од денот на објавување на овој повик заклучно со 19.06.2026.

Пријавите доставени по е-маил нема да бидат разгледувани.

Пријавите со нецелосна документација нема да бидат разгледувани.

**Користење на доделените средства**

Начинот на користење на финансиските средства ќе биде специфициран во договорот кој ќе биде склучен помеѓу здружението и Општина Битола.

Секторот за економски развој, јавни дејности и ИТ го следи наменското трошење на доделените средства.

Учесниците на Јавниот повик ќе бидат известени за резултатите во рок од 15 дена од денот на донесување на одлуката на Комисијата за евалуација на апликации по јавни повици.

Дополнителни информации или прашања може да се поставуваат на е-маил: simonajoveska132@gmail.com и моб: 071385682.

Бр.08 – 735/1
08.06.2026 год.

ГРАДОНАЧАЛНИК
Тони Коњановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА ГРАДОНАЧАЛНИК